РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Бр. / Nr. 03-380/2
15-04-2025 20 год. / viti

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], генералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе

## РЕШЕНИЕ

## за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted] бр. 03-380/1 од 28.03.2025 година.

### Образложение

На 28.03.2025 година, [redacted], до Инспекцискиот совет, по електронски пат, достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-380/1 од 28.03.2025 година, со коешто таа во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена следната информација:

- **Дали лицето Душко Андонов, дги, вработен во Општина Карпош на работна позиција Општински градежен инспектор, согласно одредбите од Законот за инспекциски надзор има полагано (која година) општ и посебен дел од испитот за стекнување со лиценца инспектор?**
- **Дали го има положено испитот, а со тоа и го исполнил законскиот услов за стекнување со звање инспектор?**
- **Дали Инспекцискиот совет му има издадено лиценца на ова лице без полагање на испит за стекнување на истата согласно законските одредби кои се однесуваат на лицата кои вршеле работни задачи како инспектор, пред донесувањето на првиот Закон за инспекциски надзор во 2010 година?**
- **Барам да ми се издаде препис од издадената лиценца на посочениот инспектор, со соодветно заштитени податоци.**

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната информација да му се достави во форма на препис на посочената е-адреса [redacted]

Постапувајќи по горенаведеното Барање, Ве известуваме:

Во однос на бараната информација **„Дали лицето Душко Андонов, дги, вработен во Општина Карпош на работна позиција Општински градежен инспектор, согласно одредбите од Законот за инспекциски надзор има полагано (која година) општ и посебен дел од испитот за стекнување со лиценца инспектор "**, по проверката на

Извештајот од системот за електронско полагање на кандидати за инспектори и Записникот од спроведен практичен испит за лиценца на инспектор, Ве известуваме дека Душко Андонов го положил општиот дел од испитот за инспектор на 20.12.2021 година, додека практичниот дел од испитот го положил на 20.07.2022 година.

Во однос на бараната информација **„Дали го има положено испитот, а со тоа и го исполнил законскиот услов за стекнување со звање инспектор "**, Ве известуваме дека постапката за стекнување со лиценца за општински градежен инспектор на Душко Андонов е спроведена и реализирана во целост и согласно таа постапка, на 269-та седница одржана на 18.08.2022 година, Инспекцискиот совет донесе одлука за издавање на лиценца за општински градежен инспектор на Душко Андонов.

Во однос на бараната информација **„Дали Инспекцискиот совет му има издадено лиценца на ова лице без полагање на испит за стекнување на истата согласно законските одредби кои се однесуваат на лицата кои вршеле работни задачи како инспектор, пред донесувањето на првиот Закон за инспекциски надзор во 2010 година ",** Ве информираме дека Инспекцискиот совет на 269-та седница одржана на 18.08.2022 година, донесе одлука за издавање на лиценца за општински градежен инспектор на Душко Андонов и врз основа на член 18 став 1 точка 12, а во врска со член 44 став 1 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр. 102/19) издадена е лиценца за општински градежен инспектор на Душко Андонов.

Во однос на барањето **„Барам да ми се издаде препис од издадената лиценца на посочениот инспектор, со соодветно заштитени податоци"**, во прилог ви доставуваме фотокопија од лиценцата на општинскиот градежен инспектор Душко Андонов, со соодветно заштитени податоци.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
Сара Николовска

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ - KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје
Shkup

Доставено:
- до барателот на информацијата (на е-адреса) и
- во архивата на Инспекцискиот совет.

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор